# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО



| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | Бр. 7 год. 23 |
| --- | --- |



**Општина Чучер - Сандево, јули 2020 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| Излегува<br>по потреба | Четврток<br>2 јули 2020 година | Бр. 7<br>Год. 23 |
|---|---|---|

# 36.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПОТРЕБА ОД ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ЗА ВОДНО ТЕЛО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНСКА ВОДА ОД ИЗВОРИТЕ НА ПЛАНИНСКИОТ ВОДОТЕК “СТУДЕНЕЦ“, ЧИЈА ШТО ВОДА СЕ КОРИСТИ ЗА КОНСУМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ЧОВЕКОТ**

Се објавува **Одлука за потреба од определување на заштитни зони за водно тело за користење на површинска вода од изворите на планинскиот водотек “Студенец“, чија што вода се користи за консумирање од страна на човекот**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **33-та** седница, одржана на **30 јуни 2020** година.

**Бр.09-601/1**
**1.7.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр. 05/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), а во врска со член 96 став 2 од Законот за водите ( “Службен весник на Р.М“ бр.87/08, 06/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **33-та** седница одржана на **30 .6.2020** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОТРЕБА ОД ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ЗА ВОДНО ТЕЛО ЗА КОРИСТЊЕ НА ПОВРШИНСКА ВОДА ОД ИЗВОРИТЕ НА ПЛАНИНСКИОТ ВОДОТЕК “СТУДЕНЕЦ“, ЧИЈА ШТО ВОДА СЕ КОРИСТИ ЗА КОНСУМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ЧОВЕКОТ**

**Член 1**

Со ова одлука се утврдува потреба од определување на заштитни зони за водно тело за користење на површинската вода од изворите на планинскиот водотек “Студенец“, чија што вода се користи за консумирање на човекот и од која вода се снабдува населението од селао Горно Блаце.

**Член 2**

Зафатените објекти се со следните координати:
-зафат од изворен дел Студенец е на 1150.2 м.н.в
-x= 530 221,21, y= 671 499,11

**Член 3**

Границите на заштитните зони за водите наменети за консумирање од страна на човекот, заштитните мерки и други услови се определуваат со елаборат изготвен врз основа на проучувањата и резултатите од истражните работи од страна на овластено стручно правно лице.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-583/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30 .6.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 37.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за реонизација на општинските основни училишта на територија на Општина Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **33-та** седница, одржана на **30 јуни 2020** година.

**Бр.09-601/2** **Општина Чучер-Сандево**
**1.7.2020 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 63 став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.С.Македонија" бр.161), член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.50/2005), и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **33-та** седница одржана на **30.6.2020** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

На територија на Општина Чучер-Сандево, се утврдуваат 6 реони на општинските основни училишта во кои ќе се запишуваат деца во прво одделение со цел за сеопфатно и задолжително образование и тоа:

1. **Реон на ООУ Александар Урдаревски Сандево**

1.1.**Реон на ООУ Александар Урдаревски Сандево** ги опфаќа учениците кои живеат во селата: Бањане, Бразда, Глуво, Горњане, Мирковци и Чучер-Сандево.

2. **Реон на ООУ Св.Кирил и Методиј с.Кучевиште**

2.1. **Реон на ООУ Св.Кирил и Методиј с.Кучевиште** ги опфаќа учениците кои живеат во с.Кучевиште.
2.2. **Реон на ООУ Св.Кирил и Методиј с.Кучевиште – Подрачно училиште во с.Побожје** ги опфаќа учениците кои живеат во с.Побожје.

3. **Реон на ООУ Михаљ Грамено с.Брест**

3.1.**Реон на ООУ Михаљ Грамено с.Брест** ги опфаќа учениците кои живеат во с.Брест, Малино Маало и Алиметска Маала.
3.2. **Реон на ООУ Михаљ грамено с.Брест – Подрачно училиште во с.Танушевци** ги опфаќа учениците кои живеат во с.Танушевци.
3.3. **Реон на ООУ Михаљ грамено с.Брест – Подрачно училиште во с.Блаце** ги опфаќа учениците кои живеат во с.Блаце.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чучер-Сандево“.

**Бр.08-583/4**
**30.06.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 38.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО 2019 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита во 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **33-та** седница, одржана на **30 јуни 2020** година.

**Бр.09-601/3**
**1.7.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/02 ), член 23 од Статутот на општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **33-та** седница одржана на **30.6.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО 2019 ГОДИНА

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита во 2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-583/5**
**30.6.202020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 39.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2019 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **33-та** седница, одржана на **30 јуни 2020** година.

**Бр.09-601/4**
**1.7.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/02 ), член 23 од Статутот на општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **33-та** седница одржана на **30.6.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО И ЗАШТИТА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2019 ГОДИНА

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на зравјето на населението и заштита од заразни болести во 2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-583/6**
**30.6.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**36.** **Одлука за потреба од определување на заштитни зони за водно тело за користење на површинска вода од изворите на планинскиот водотек "Студенец", чија што вода се користи за консумирање од страна на човекот ........ 1**

**37.** **Одлука за реонизација на општинските основни училишта на територија на Општина Чучер-Сандево ........ 2**

**38.** **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита во 2019 година ........ 4**

**39.** **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во 2019 година ........ 5**